МРЕЖА ЗА ЗАШТИТА
ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

# ПРИСТАПНОСТА НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

**Издавач:** Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“ МАРГИНИ Скопје, Мрежа за заштита од дискриминација

**Авторка:** Александра Цветановска

**Уредничка:** Билјана Котевска

**Лектура:** Виолета Танчева-Златева

**Графичко уредување:** Бојана Мицевска

**Печати:** КОНТУРА

**Тираж:** 100

Скопје, јануари 2021

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

347.95:342.72/.73.037]:005.332.5(497.7)(047.31)

ЦВЕТАНОВСКА, Александра
Пристапноста на судските одлуки од областа на заштита од дискриминација во Република Северна Македонија : документ за јавни политики / [авторка Александра Цветановска]. - Скопје : Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници, 2021. - 23 стр. ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 22-23

ISBN 978-608-4803-31-7

а) Заштита од дискриминација -- Судски одлуки -- Достапност -- Македонија -- Истражувања

COBISS.MK-ID 53168389

Проектот „Мрежа за заштита од дискриминација – Унапредување на еднаквоста преку следење и зајакнување на системот за спречување и заштита од дискриминација“ е финансиран од Фондацијата Отворено општество – Македонија.
Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија.

# Содржина


**1** **Упис на предметите од областа на заштита на правото на еднаквост согласно Судскиот деловник и праксата на упис во судовите**

1.1 Постапки кои се однесуваат на повреда на правото на еднаквост во работните односи евидентирани и упишани со ознаката РО

1.2 Постапки кои се однесуваат на повреда на правото на еднаквост евидентирани со уписник П1 и П4

**2** **Преглед на достапноста на судските одлуки за заштита на правото на еднаквост на судскиот портал www.sud.mk**

**3** **Заклучоци и препораки**

**4** **Листа на анализирани домашни судски одлуки**

# Вовед

Подготвеноста на судските органи за отворен, непречен јавен пристап до судските одлуки е чекор кон обезбедувањето транспарентност и отчетност и воедно претставува јавен притисок за законито донесување на одлуки. Овозможувањето непречен пристап со објавувањето на пресудите, а во некои држави и на списите од предметите, носи голем број придобивки. Во случаите кога странките во споровите и нивните застапници се подготвуваат за поведување на постапка, разгледувањето на судската пракса и ставовите на судовите за исти или слични прашања има големо значење за нив и нивната постапка. Една од најзначајните придобивки е и јавната контрола на судиите при објавувањето на пресудите, а со тоа и притисокот за изготвување на квалитетни пресуди. Некои држави воопшто немаат пракса за објавување на пресудите. Честопати од практични причини, како недостиг од ресурси за копирање и објавување, а дел не се објавуваат заради зачувување на приватноста и доверливоста[1].

Повеќе од значајно е да се воспостави рамнотежа помеѓу правото на заштита на податоците во судските одлуки и транспарентноста на правосудниот систем при процената на тоа кои податоци е потребно да бидат јавно објавени. Во многу земји законите и праксата наложуваат анонимизација или псевдонимизација на судските одлуки пред нивното објавување.[2] Обврска на судовите во ваквиот пристап е развој на алатки што ќе овозможат податоците да бидат обработени, односно лесно достапни, по клучен збор, датум на донесување на пресудата, законот којшто е применет итн.

Транспарентноста на судовите од аспект на достапноста до судските одлуки не можеме да ја анализираме исклучиво од објавувањето на пресудите, туку и од пристапот до нив, односно дали се лесно пребарливи, достапни, како и навремено објавени. Во целокупната слика е потребно да се земе предвид и објавувањето на извештаите за работењето на судовите, со цел запознавање на јавноста со статистичките податоци и збирки на значајни пресуди во одредена област.

Начинот на кој се достапни судските одлуки во РСМ не овозможува целосен и лесен преглед. Недостатокот се забележува во процесот на обработка на податоците и недостатокот на судска статистика по одредена област. Во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017 – 2020 година е наведено дека немањето пракса за целосно објавување на сите пресуди почнало да се надминува со целосното ставање во функција на новиот централизиран портал www.sud.mk, со кој се опфатени Судскиот совет на РСМ и сите 34 судови во државата, како и дека на тој начин е обезбедена функционална судска база на податоци со можност за пребарување[3].

---

1 Resource Guide on Strengthening Judicial Integrity and Capacity, Организацијата на Обединети нации, 2011 година, достапно на: https://www.unodc.org/documents/treaties/UNCAC/Publications/ResourceGuideonStrengtheningJudicialIntegrityandCapacity/11-85709_ebook.pdf

2 THE 2020 EU JUSTICE SCOREBOARD, Европска комисија, Луксембург 2020 година, достапно на: https://ec.europa.eu/info/sites/info/files/justice_scoreboard_2020_en.pdf

3 Стратегија за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017 – 2020 година, Министерство за правда, страна 13, достапна на: https://www.pravda.gov.mk/Upload/Documents/Strategija%20i%20akciski%20plan_MK-web.pdf

Овој документ ја истражува функционалноста на системот за пребарување на судските одлуки во областа на заштита на правото на еднаквост во државата, анализирајќи ја притоа и законската рамка за евидентирање и упис на предметите во судовите. Документот ќе се осврне на неможноста судските одлуки за заштита од дискриминација да се пребаруваат по дискриминаторски основ, облиците и видовите на дискриминација и други податоци, што е исклучително важно во ваквите предмети и претставува пречка во можноста за обработка на податоците и за анализа на судската пракса. Првиот дел од документот се осврнува на правната регулираност за упис на судските предмети за заштита од дискриминација и досегашната практика на судовите во државата. Во вториот дел, пак, преку тестирање на порталот sud.mk, се дава приказ на практичната достапност на судските одлуки. Во процесот се користи истражување на законската регулатива за заведување на предметите, а преку описниот метод се опишуваат состојбите со заведувањето на предметите за заштита на правото на еднаквост во различните судови. Притоа ќе се користат податоци за бројот на парнични постапки по основ на дискриминација/повреда на правото на еднаквост водени во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2019 година прибирани од Македонското здружение на млади правници – МЗМП, со користење на алатка за слободен пристап до информации од јавен карактер.

# 1 Упис на предметите од областа на заштита на правото на еднаквост согласно Судскиот деловник и праксата на упис во судовите

Во предметите за повреда на правото на еднаковост и заштита од дискриминација, проблем претставува самиот упис со поведување на постапката и евидентирање на предметот, а потоа се јавуваат и тешкотии при пребарување на донесените одлуки. Евидентирањето на предметите во судовите се врши во судската писарница од овластени судски службеници, преку автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети, а предметите се групирани по одредени карактеристики во видови предмети[4].

## Приказ бр. 1: Правила за заведување на предмети во судовите

Согласно Судскиот деловник, видовите предмети се поделени по вид на суд и по вид на област. Во зависност од обемот и основот, предметите може да бидат поделени на подвидови предмети[5], а главни карактеристики на еден уписник се: назив, ознака, на кој вид или подвид припаѓа предметот и на која организациона единица (оддел).

Дополнителни карактеристики на уписникот кои се користат за конфигурирање на внесот на предметот при евиденција се: за малолетници се вклучува контрола на години на лицата; за најчест подносител – предлог на вообичаен подносител; за назив на спротивната странка како се нарекува спротивната странка во предметот (обвинет, тужен и сл.); за начин на решавање на предметите: со одлука, со акт кој не е одлука (разни акти)[6].

Предметите се групирани по одредени карактеристики во видови предмети. Видовите предмети се унифицирани за сите судови и шифрарникот се одржува во Врховниот суд на Република Северна Македонија. Видовите предмети се поделени по вид на суд и по вид на област. Во зависност од обемот и основот, предметите може да бидат поделени на подвидови предмети.[7]

Предметите од граѓанската област, каде што спаѓаат и судските постапки за заштита на правото на еднаквост, се упишуваат како вид на предмет парнични предмети. Во граѓанските парнични предмети се евидентира и подвид на предмет, каде што согласно Деловникот спаѓаат имотни спорови со уписник ознака П1, уписник ознака за семејни спорови П3, облигациони спорови П4, трговски спорови ТС, работни спорови РО, разни парнични предмети РП, уписник за разни трговски предмети РТС, уписник за разни предмети од работни спорови и др.

Во Апелациониот суд постапките се евидентираат како парнични, второстепен граѓански предмет – ГЖ, второстепен предмет по трговски спорови – ТСЖ, второстепен предмет од спорови од работни односи – РОЖ и др.

4 Судски деловник, „Службен весник на РМ“ бр. 66/2013, бр. 114/2014, член 239.
5 Ibid., член 239.
6 Ibid., член 240.
7 Ibid., член 239.

Судската заштита за утврдување на повреда на правото на еднаквост и заштита од дискриминација се врши согласно општите правила на парничната постапка, освен во случаите каде што со Законот за спречување и заштита од дискриминација – ЗСЗД, е поинаку уредено. Од причина што ЗСЗД е lex specialis, со него се воспоставува посебна судска постапка за заштита од дискриминација.

Од анализата на информациите за бројот на парнични постапки за утврдување дискриминација/повреда на правото на еднаквост во периодот 2011 – 2019 година водени во сите судови во државата, може да се заклучи дека непостоењето на основот дискриминација во наведените основи за упис и во ознаките во Судскиот деловник остава простор судиите самите да го толкуваат, односно да го изберат начинот на кој овие предмети ќе бидат упишани. Истовремено, се добива слика на неунифицираност и индивидуална практика на упис на овие предмети, поради што не би можеле да очекуваме целосни податоци кога праксата на упис се разликува во судовите, со што е отежнато и пребарувањето на предметите.

## Приказ бр. 2: Добиени информации за број на парнични постапки по основ на дискриминација/повреда на правото на еднаквост водени во периодот 01.01.2011 – 31.12.2019 година во судовите во државата

Дел од судовите немаат водено постапки од ваков вид во бараниот период[8] или немаат ниту еден предмет заведен врз основа на дискриминација/повреда на правото на еднаквост/повреда на правото на еднаков третман.[9]
Во Основниот суд Битола предметите во периодот од 2016 до 2019 година по основ на дискриминација се заведуваат по уписник П4, додека за периодот од 2011 до 2016 година нема податоци во АКМИС-системот, затоа што предметите не се заведувале по тој основ.
Во Основниот граѓански суд Скопје предметите по основ на дискриминација/повреда на правото на еднаквост се евидентираат во Одделот за имотни спорови, спорови од мала вредност, семејни спорови и во Одделот за работни спорови.[10]
Во Основниот суд Штип четири предмети се заведени по основ дискриминација, а еден предмет, кој сè уште не е решен, по основ вознемирување на работното место.[11]
Во Основниот суд Дебар се регистрирани два предмета, РО. бр. 26/13 и РО. бр. 1/15.[12]
Во Основниот суд Струга е заведен еден предмет РО. бр. 327/16.

Предметите во Апелациониот суд Скопје во АКМИС-системот не се заведуваат како парнични постапки по основ на дискриминација/повреда на правото на еднаквост.[13]
Во Апелациониот суд Штип се заведени две пресуди, РОЖ-156/14 и РОЖ 50/19, како и решенија РОЖ 350/18 и 372/19.

---

8 Одговор од Основен суд Виница СПИ – 1/20 од 09.01.2020 година; Основен суд Кавадарци СПИ. бр. 8/2019 од 25.12.2019 година; Одговор од Основен суд Кочани СПИ. бр. 15/19 од 23.12.2019 година.
9 Одговор од Основен суд Тетово СУ03. бр. 7/20 од 13.01.2020 година; Одговор од Основен суд Гевгелија СПИ. бр. 9/19 од 03.01.2020 година; Основен суд Кичево СПИ. бр. 12/2019 од 31.12.2019 година; Основен суд Неготино Су.01. бр. 37/19 од 26.12.2019 година; Одговор од Основен суд Крива Паланка СПИ. бр. 9/19 од 27.12.2019 година; Одговор од Основен суд Крушево СУ. бр. 03-244/2019 од 27.12.2019 година; Одговор од Основен суд Куманово СПИ-21/19 од 30.12.2019 година.
10 Одговор од Основен граѓански суд Скопје СПИ. бр. 47/19 од 24.12.2019 година.
11 Одговор на барање од Основен суд Штип Су-1094/19 од 14.01.2020 година.
12 Одговор на барање од Основен суд Дебар СПИ. бр. 2/20 од 02.01.2020 година.
13 Одговор на барање од Апелационен суд Скопје СПИ бр. 29/19 од 03.01.2020 година.

# 1.1 Упис на предметите од областа на заштита на правото на еднаквост согласно Судскиот деловник и праксата на упис во судовите

Одлуките што се однесуваат на областа работни односи, а основот во тужбеното барање за нивно поведување е повреда на правото на еднаквост и утврдување на дискриминација, носат ознаката РО[14], а најчесто се евидентирани како: вид предмет – парнични, вид основ – работни односи, граѓанска област, со подвид предмет – работни спорови, а основ – забрана на дискриминација. Но има случаи кога со пресудата, односно во постапката се бара утврдување на дискриминација, а постапката се води како работен спор со основ „други видови работни односи".[15] Исто така, голем дел од одлуките кои се упишани како работни односи, а со кои се бара, односно се донела одлука за утврдување на повреда на правото на еднаквост, се заведени со основ надомест на штета од работен однос[16].

Иако согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, како основ за дискриминација се наведуваат: раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло и др.,[17] кои се особено важни во постапките за заштита на правото на еднаквост, судовите овие информации воопшто не ги евидентираат при упишување на предметите.

Се забележуваат тешкотии при пребарувањето и пристапот до некои судски одлуки поради тоа што одлуките за постапки за заштита од дискриминација во работните односи евидентирани со ознака РО се упишани на ист начин, иако се однесуваат на различни основи за дискриминација.[18]

При пребарувањето на одлуките се утврдуваат одредени недоследности, односно предмети кои се однесуваат на утврдување на дискриминација не се запишуваат со основ забрана за дискриминација, туку со основ поништување на одлуката,[19] со основ други видови работни спорови[20] или со основ други решенија од работен

14 Пресуди на Основен граѓански суд Скопје, РО-904/15; РО-178/17; РО-464/16; РО-2844/11; РО-1215/16; РО-1356/16; РО-618/15; РО-1305/14; РО-980/17; РО-974/14; РО-45/12; РО-2034/17; РО-1227/10; РО-66/16; РО-881/14; РО-1121/16; РО-1574/16; РО-430/09; РО-441/09; РО-440/09; РО-437/09; РО-445/09; РО-439/09; РО-435/09; РО-436/09; РО-438/09; РО-432/09; РО-442/09; РО-883/14; РО-900/14; РО. бр. 410/18; РО-1359/14; РО-1226/14; РО-1332/15; РО-1710/10; РО-927/1; РО-97/15.

15 Решение РО-2235/11 на Основен суд Скопје II.

16 Пресуда РО-814/14 на Основен суд Скопје II
Пресуда РО-971/14 на Основен суд Скопје II
Пресуда РО-784/14 на Основен суд Скопје II
Пресуда РО-972/14 на Основен суд Скопје II
Пресуда РО-531/13 на Основен суд Скопје II.

17 Закон за спречување и заштита од дискриминација, „Службен весник на РСМ" бр. 58/2020, член 5.

18 Со пресудата РО-1007/12 на Основниот суд Скопје II се утврдува дека е извршена дискриминација врз основ на виктимизација поради преземени активности за заштита од дискриминација во остварување на права од работен однос.

19 Постапката која се водела неоспорно се однесува за поништување на решение, но иако судот при носењето на одлуката РО-1224/14 ги ценел наводите дека со екстерното проверување на одбрани лица – наставници се врши дискриминација согласно член 6 и член 7 од Законот за работните односи, таа е заведена со основ поништување на одлуката.

20 Пресуда РО бр. 1884/10 на Основен суд Скопје II од 28.09.2011 година.

однос,[21] додека основот дискриминација не е присутен. Загрижува фактот што постапките за поништување на одлука на работодавецот поради, односно со барање за утврдување на дискриминација по основ на личен статус – бременост, се заведени како работен спор со основ поништување на одлука, без повторно да се евидентира дискриминацијата како основ.[22]

Се забележува и практика на различно евидентирање на предмети кои се слични и имаат ист основ.[23]

Од судската пракса во областа на заштита на правото на еднаквост се сретнуваат одлуки за распоредување на работно место каде што се бара и утврдување на дискриминација и вознемирување на работното место, но во пресудата е наведено дека при одлучувањето судот не се впуштил во утврдување на изнесените наводи на полномошникот на тужителот дека се врши дискриминација, односно мобинг на тужителот, и дека утврдувањето на мобинг, односно дискриминација, би било предмет на друга постапка по тужба[24]. Има и предмети каде основот е надомест на штета од работен однос, а со пресудата се утврдува дека тужениот го повредил правото на тужителката со нееднаков третман и извршил директна дискриминација врз основа на возраст во работата и работниот однос, со нејзино прераспоредување.[25]

Ретки се предметите евидентирани со основ забрана на дискриминација, но сепак можат да се сретнат. Тоа го потврдува фактот дека, иако не постои посебен вид на уписник за постапките од дискриминција, сепак постои можност во електронскиот систем во судот да се евидентираат постапките на овој начин. Позитивна практика во овој поглед е забележана во предмет упишан во подвид предмет работни спорови, а основот е забрана за дискриминација,[26] како и во предмети од граѓанската област во подвидот работни односи кои се евидентираат со основ забрана од дискриминација.[27]

---

21 Решението РО бр. 934/14 на Основен суд Скопје 2 – Скопје од 17.09.2014 година, кое се однесува на постапка за утврдување понеповолна положба во однос на избраниот кандидат, е заведено со основ други решенија од работен однос.

22 Решение РО-1076/17 на Основен суд Скопје II од 30.05.2017 година.

23 Пресудата РО-1057/09 на Основниот суд Скопје II, која се однесува на утврдување дискриминација и мобинг, е заведена со основ тужба против работодавецот поради кршење на договорните и други обврски од работниот однос, додека Решението РО-89/13 на Основниот суд Скопје II кое се однесува на утврдување дискриминација и мобинг на работното место, е упишано со основ мобинг.

24 Пресуда РО-739/15 на Основен граѓански суд Скопје од 20.10.2015 година.

25 Пресуда РО-1969/17 на Основен граѓански суд Скопје од 20.03.2018 година.

26 Во предметот РО-433/12 на Основниот суд Скопје II се утврдува прекршување на правото на еднаков третман и забрана за преземање понатамошни дејствија на дискриминација.

27 Се работи за предмети со кои се бара утврдување на повреда на правото на еднаков третман со донесување на Колективен договор на 08.03.2012 година и други поединечни акти кои се однесуваат за неисплатена јубилејна награда за работен стаж од 10 години.

## 1.2 Упис на предметите од областа на заштита на правото на еднаквост согласно Судскиот деловник и праксата на упис во судовите

Постапките кои се однесуваат на повреда на правото на еднаквост, а кои се во другите области од граѓанската материја, се евидентираат како парнични предмети со уписник ознака П1 – имотни спорови и П4 – облигациони спорови.

Со ознаката П4 како облигациони спорови со основ надомест на нематеријална штета се евидентирани и постапките со кои се бара да се утврди дискриминација и повреда на правото на слобода на движење од страна на граничните служби при Министерството за внатрешни работи на РСМ (МВР), кои при вршењето на граничните контроли спречувале излез од државата на македонски државјани со образложение дека постои сомнеж дека овие граѓани ќе го злоупотребат безвизниот режим и ќе бараат азил во некои од државите од шенген-зоната. Ваквото постапување започна во 2011 година и со него во најголем дел од случаите беа засегнати граѓаните од ромската етничка заедница[28]. Голем беше бројот на постапките во кои беше тужено МВР за незаконско постапување и пракса на профилирање на граничните премини и во дел од нив судовите препознаа дискриминација.[29]

За ваква повреда се однесува и пресудата со која се одбива како неосновано тужбеното барање со кое се бара да се утврди дека МВР го повредило правото на еднаков третман, односно дејствието што го презело довело до повреда на правото на еднаквост во постапувањето, што е заведена со основ надомест на материјална штета во случај на повреда на честа и ширење на невистинити наводи,[30] за разлика од другите предмети кои се однесуваат на исто дејствие, а кои се упишани со основ надомест на нематеријална штета.

Постапката за утврдување на повреда на правото на еднаков третман – дискриминација и сегрегација при остварување на правото на образование на учениците Роми, е со уписник ознака П4-932/17, односно како облигационен спор со основ други видови облигациони односи, а со тужбата се бара да се утврди дека тужените, секој во рамките на своите надлежности, сториле повреда на правото на еднаквост во образованието на учениците Роми во Република Македонија, вршејќи дискриминација на ромските ученици по основ на етничка припадност.

Постапка која исто така е заведена со подвид предмет облигациони спорови и вид основ други видови облигациони односи, е постапката со која се бара да се утврди дека тужените кон тужителите како припадници на маргинализирана група во општеството – припадници на ромската национална заедница во РСМ – сториле дискриминација, со што го повредиле правото на еднаков третман при вршење на службена должност. [31]

28 Правно мислење за уставноста и законитоста на спречувањето да се напушти територијата на РМ на лица државјани на РМ поради постоење на сомневање за злоупотреба на безвизниот режим меѓу РМ и државите од шенген-зоната, Македонско здружение на млади правници, 5 октомври 2016 година, достапно на: https://cutt.ly/ShGBiVV

29 П4-171/15, П4-155/15, П4-171/15, П4-42/16, П4-268/20, П4-64/17, П4-641/17, П4-1318/15, П4-709/15, П4-730/15, П4-625/17.

30 П4-216/16 од 28.04.2017 година.

31 Пресуда П4-68/18 на Основниот граѓански суд Скопје од 26.07.2019 година.

Предмет заведен со подвид предмет имотни спорови, вид основ облигациони односи и основ долг, се однесува на надомест на штета за дискриминација (чл. 10, а во врска со чл. 6 од Законот за работни односи) за неплатениот придонес за пензиско и инвалидско осигурување. Тужителите сметале дека се дискриминирани од причина што тужениот како работодавец склучил договор за вработување со 23 лица наведени во списокот на осигуреници, а со тужителите не го сторил истото поради лични околности, поради што им причинил материјална штета.

Најчесто постапките за заштита на правото на еднаквост се упишуваат како постапки од граѓанската област, вид предмет парнични, подвид предмет облигациони спорови, а вид на основ облигационен спор, со основ надомест на нематеријална штета – други[32], но има и исклучоци во кои предметите се заведуваат со друг подвид, вид основ и основ. Во таа смисла, има решение со кое се констатира повлекување на тужбата со која тужителката барала надомест на штета по основ на дискриминација, што е заведена со подвид предмет имотен спор, вид основ облигациони односи, а основ долг.[33] Предмет кој се однесува на повреда на правото на еднаков третман преку сторување директна дискриминација со одлука донесена од тужениот е упишан како имотен спор, а основ други видови спорови,[34] а предмет кој се однесува на извршена дискриминација во постапка за остварување на правото на детски додаток е упишан со основ како други видови на облигациони односи од подвид облигациони спорови.[35]

Постапка во која се бара утврдување на дискриминација врз основа на пол – односно тужителот сметал дека ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи на Град Скопје со донесување на акти го повредил неговото право на еднаков третман во однос на почитување и заштита на неговиот семеен живот при одржувањето на семејни врски со неговата ќерка – е заведена со вид основ: важност на исправи и судски депозити, а основ: други видови основи.[36]

---

32 Пресуда П4-1045/15 на Основен граѓански суд Скопје

Пресуда П4-453/17 на Основен граѓански суд

Пресуда П4-476/16 на Основен граѓански суд.

33 Решение П-600/10 од 21.12.2012 година.

34 Пресуда П1-1121/13 на Основен граѓански суд Скопје од 11.11.2014 година.

35 Пресуда П4-413/16 на Основниот суд Скопје II од 10.02.2017 година.

36 Пресуда П1-789/13 на Основен суд Скопје II – Скопје од 03.12.2014 година.

# 2 Преглед на достапноста на судските одлуки за заштита на правото на еднаквост на судскиот портал

Порталот www.sud.mk претставува централизирана база на податоци на судовите во државата на кој може да се пребаруваат судски одлуки од сите судови во државата. Важно е да се даде преглед на ефикасноста и функционалноста на порталот од аспект на достапноста на судските одлуки во постапки за утврдување на дискриминација.

Пребарувањето на судските одлуки за заштита на правото на еднаквост на порталот е тешко поради начинот на кој се упишани согласно судскиот уписник, односно начинот на кој се евидентираат во судовите. Недостатокот се забележува во процесот на евидентирање на постапките, како и во можноста за користење на опции за брзо и лесно пребарување. По објавувањето на одлуките на судскиот портал, не постои можност да пребарувате по дискриминаторски основ, облиците и видовите на дискриминација и други податоци, што е исклучително важно во ваквите предмети, и тоа претставува пречка во можноста за обработка на податоците и анализа на судската пракса при поведување на иста или слична постапка.

При пребарувањето на судскиот портал во делот одлука на судовите, постои опција да се наведе Суд, со можност за селектирање на судот, опција за број на предмет и од – до датум на одлуката. Во делот на напредно пребарување се нудат можностите за внесување на судија, правна област со можност да се селектира една од дадените области, вид предмет и подвид на предмет. Во делот на напредното пребарување има можност да се одбере и ,,вид основ", каде дискриминацијата не е една од опциите, за разлика од над 80 наведени основи, како пример Лов, Радиодифузија, Риболов и многу други. Порталот дава можност и за пребарување по вид лице, категорија, име и презиме/назив на правно лице, улога, категорија, одлука, како и можност за пребарување на текст по клучен збор.

Лицата при пребарувањето не се често во можност да ги имаат сите поединечни информации за одлуката, какви што се судија, бројот на одлуката и друго, па најчесто лицата на кои им е повредено правото на еднаквост ги пребаруваат одлуките по клучен збор, од причина што основот дискриминација не е присутен.

За целите на изработката на овој документ, направивме тест на пребарувањето на порталот. Резултатите се прикажани во Приказ бр. 3.

## Приказ бр. 3: Тестирање на порталот sud.mk

Го селектираме Основен граѓански суд Скопје, во делот за област, не вршиме избор на дадените опции од причина што постапките за заштита од дискриминација можат да се прикажат и во граѓанска област, граѓанска област – мала вредност, парнични, како и парнични – мала вредност. Доколку направиме избор и на една од опциите на подвид на предмет, нема да добиеме целосни податоци од причина што постапките за заштита од дискриминација се упишуваа и како парнични – мала вредност, но често и како работни односи, затоа што се однесуваат за сторена дискриминација на работното место. Поради таа причина, пребарувањето ќе го направиме со селектирање на суд, правната област и внесување на клучен збор – дискриминација.

Со ваквото селектирање добивме 176 резултати, односно 176 одлуки во кои се споменува поимот дискриминација. Се забележува дека дел од овие одлуки воопшто не се однесуваат на утврдување повреда на правото на еднаквост, при што се среќаваат и постапки што не се однесуваат на основот дискриминација[37], туку за надомест на нематеријална штета од навреда и клевета поради текст: „Преку мобинг, базиран врз политичка дискриминација, им се закануваат на сите неистомисленици и се обидуваат да креираат атмосфера на нивно отпуштање од работа“[38]. Токму големиот број резултати од пребарувањето кои не одговараат на зададените параметри, претставува првиот проблем со кој се соочуваме.

Освен тоа, при пребарувањето наидовме и на решение кое се однесува на повреда на правото на еднаквост кое е заведено со подвид предмет трговски спорови, а основ – други видови основи. Во постапката се бара од судот да утврди дека тужителот како одговорно лице кај правното лице трпи дискриминација со донесените решенија на судот,[39] како и да се донесе решение со кое судот се огласува за ненадлежен во спор поведен од приватен субјект за отстранување на дискриминирачки одредби од закони, заведена како трговски спор, со основ други видови основи. [40]

Од тестирањето на порталот sud.mk заклучивме дека одлуките за постапки за дискриминација не може да се пребаруваат по област поради неусогласената практика на заведување на ваквите предмети во судовите. Пребарувањето на судските одлуки по клучен збор дава голем број резултати. Единствен критериум по кој се добиваат резултатите е клучниот збор да се споменува во документот. Поради тоа, пребарувањето по клучен збор „дискриминација“ дава и резултати кои воопшто не се однесуваат на постапки за утврдување на дискриминација. Ова придонесува кон намалување на ефикасноста и функционалноста на системот за пребарување на судските одлуки и значително го отежнува истражувањето на конкретна област.

37 Решение П4-163/19 на Основен граѓански суд Скопје за утврдување ништовност на Спогодба и заштита на личните права утврдени со Уставот на РМ и со меѓународните и европските документи за заштита на човековите права и слободи.

38 Решение П5-61/17 на Основен суд Скопје 2 – Скопје од 14.06.2018 година.

39 Решение ТС-388/15 на Основен суд Скопје II од 30.07.2015 година.

40 Решение ТС-450/16 на Основен граѓански суд Скопје од 28.10.2016 година.

# 3 Заклучоци и препораки

Анализата на евидентирањето на судските предмети за заштита на правото на еднаквост, како и на достапноста на судските одлуки, укажува на следните недостатоци:
Судскиот деловник не предвидува посебни ознаки за упишување на предметите кои се однесуваат на утврдување повреда на правото на еднаквост.
Прописите за упишување на предметите не ја препознаваат забраната за дискриминација како вид основ ниту како основ, а дополнително во ваквите правила не е вклучена можноста предметите за заштита од дискриминација да се упишуваат по основите за дискриминација утврдени во Законот за спречување и заштита од дискриминација. Ваквата правна поставеност доведува до неунифицирана практика на упишување на предметите. Како резултат на сето ова, пребарувањето на пресудите за заштита од дискриминација на порталот sud.mk, како централизирана база на судски одлуки, го отежнува истражувањето на судската практика во ваквите постапки и резултира со голем број судски одлуки, дел од кои воопшто не се поврзани со утврдување на повреда на правото на еднаквост.
Поради ова, можат да се посочат следните препораки за олеснување на пристапот до судските одлуки за заштита од дискриминација, односно примена на некој од следните два модела.

- Првиот модел вклучува дополнување на Судскиот деловник со посебна ознака за упишување на предметите за заштита од дискриминација, воведување на забраната за дискриминација како вид основ, и воведување на основите дефинирани во Законот за спречување и заштита од дискриминација како основ под кој ќе се упишуваат судските предмети.
- Вториот модел го задржува постојното решение предвидено во Судскиот деловник со кое предметите се упишуваат под ознака парнични спорови, работни односи, облигациони спорови и слично, но би се вклучила забраната за дискриминација како вид основ и основите од Законот за спречување и заштита од дискриминација како основ за упишување на судските предмети.

Со измена на досегашната пракса на упис на предметите, ќе се постигне посеопфатно и унифицирано упишување и евидентирање на овие спорови. Тоа би резултирало и со полесно пребарување на пресудите на порталот sud.mk и со можност за анализа на судската заштита по конкретен основ за дискриминација. Исто така, би ѝ овозможило и на државата пристап до статистички податоци, кои ќе бидат особено важни во планирање на државните политики за превенција и намалување на дискриминацијата по основите за кои се забележани најголем број судски постапки.

# 4 Листа на анализирани домашни судски одлуки

Пресуда П1-1121/13 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда П1-789/13 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда П4-1045/15 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда П4-413/16 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда П4-453/17 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда П4-476/16 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда П4-68/18 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО бр.1884/10 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-1007/12 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-1057/09 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-1224/14 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-1969/17 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-433/12 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-531/13 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-739/15 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-784/14 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-814/14 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-971/14 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-972/14 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-904/15 на Основен суд Скопје II Скопје,
Пресуда РО-178/17 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-464/16 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-2844/11 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-1215/16 на Основен суд Скопје II Скопје
ПресудаРО-1356/16 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-618/15 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-1305/14 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-980/17 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-974/14 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-45/12 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-2034/17 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-1227/10 на Основен суд Скопје II Скопје

Пресуда РО-66/16 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-881/14 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-1121/16 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-1574/16 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-430/09 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-441/09 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-440/09 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-437/09 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-445/09 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-439/09 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-435/09 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-436/09 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-438/09 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-432/09 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-442/09 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-883/14 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-900/14 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО.бр.410/18 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-1359/14 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-1226/14 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-1332/15 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-1710/10 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-927/1 на Основен суд Скопје II Скопје
Пресуда РО-97/15 на Основен суд Скопје II Скопје
Решение П4-163/19 на Основен граѓански суд Скопје
Решение П5-61/17 на Основен суд Скопје 2 Скопје
Решение П-600/10 од 21.12.2012
Решение РО бр.934/14 на Основен суд Скопје 2 Скопје
Решение РО-1076/17 на Основен суд Скопје II
Решение РО-2235/11 на Основен суд Скопје II
Решение РО-89/13 на Основниот суд Скопје II
Решение РО-934/14
Решение ТС-388/15 на Основен суд Скопје II
Решение ТС-450/16 на Основен граѓански суд Скопје

# Библиографија


"Resource Guide on Strengthening Judicial Integrity and Capacity", Организацијата на Обединети Нации, 2011 година

"THE 2020 EU JUSTICE SCOREBOARD", Европска комисија, Луксембург 2020 година

Закон за спречување и заштита од дискриминација, Службен весник на РСМ бр. 58/2020

Судски деловник, Службен весник на РМ бр. 66/2013, 114/2014

„Правно мислење за уставноста и законитоста на спречувањето да се напушти територијата на РМ на лица државјани на РМ поради постоење на сомневање за злоупотреба на безвизниот режим меѓу РМ и државите од Шенген зоната", Македонско здружение на млади правници, 5 октомври 2016 година

Стратегија за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017-2020 година, Министерство за правда

Одговори на Барања за слободен пристап до информации од јавен карактер

Одговор на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од Основен суд Виница СПИ – 1/20 од 09.1.2020 година

Одговор на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од Основен суд Кавадарци СПИ.бр.8/2019 од 25.12.2019 година

Одговор на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер Основен суд Тетово СУ03.бр.7/20 од 13.01.2020 година

Одговор на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од Основен суд Гевгелија СПИ.бр.9/19 од 03.01.2020 година

Одговор на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од Основен суд Кичево СПИ.бр.12/2019 од 31.12.2019 година

Одговор на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од Основен суд Неготино Су.01.бр.37/19 од 26.12.2019 година

Одговор на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од Основен суд Крива Паланка СПИ.бр.9/19 од 27.12.2019 година

Одговор на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од Основен суд Куманово СПИ-21/19 од 30.12.2019 година

Одговор на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од Основен граѓански суд Скопје СПИ.бр.47/19 од 24.12.2019 година

Одговор на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од Основен суд Штип Су-1094/19 од 14.01.2020 година

Одговор на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од Основен суд Дебар СПИ.бр.2/20 од 02.01.2020 година

Одговор на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од Апелационен суд Скопје СПИ бр.29/19 од 03.01.2020 година

Одлука РО-956/1

Одговор на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од Основен суд Кочани СПИ.бр.15/19 од 23.12.2019 година

Одоговор на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од Основен суд Крушево СУ.бр.03-244/2019 од 27.12.2019 година